**20251683685**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 13 став (4) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ И ФЕРИЈАЛНА ПРАКТИКА, ВО УСТАНОВИТЕ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО КОИ ШТО СЕ ИЗВЕДУВА ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика, во установите за стручно образование и обука во кои што се изведува практично образование за учениците.

Член 2

Дневникот за учење преку работа (во натамошниот текст: дневникот), се води во печатена форма на А4 формат на бела хартија и содржи четири дела.

Дневникот се води на образец, чија содржина е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Првиот дел од дневникот, страна 1 и страна 2, се пополнува пред отпочнување на реализација на практичното образование.

Вториот дел од дневникот, страна 3 и страна 4, се пополнува во текот на реализација на практичното образование, за секој ден посебно.

Третиот дел од дневникот, страна 5, за учење преку работа кај работодавач се пополнува квартално, а за феријална практика само еднаш.

Четвртиот дел од дневникот, страна 6, се пополнува на крајот на реализација на практично образование.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-10965/1
6 август 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

**ДНЕВНИК**

**ЗА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА**

**(учење преку работа кај работодавач и феријална практика)**

**ДЕЛ I**

**Основни податоци за ученикот/ученичката**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Учебна година: | |
| Назив на установата: | |
| Сектор: | |
| Назив на образовната квалификација: | |
| Паралелка: | |
| Број на договор за практично образование: | |

**Податоци за одговорни лица од установата за стручно образование и обука**

| | |
|---|---|
| Одговорен наставник за практично образование (име и презиме, е-маил) | |
| Координатор за практично образование (име и презиме, е-маил) | |

**Податоци за работодавачот**

| | |
|---|---|
| Назив на работодавачот: | |
| Седиште: | |
| Одговорен ментор (име и презиме, е-маил) | |

**Период на реализација на практичното образование**

| | | |
|---|---|---|
| **Период на реализација** | **Почеток на практичното образование (датум)** | |
| | **Завршеток на практичното образование (датум)** | |
| **Вкупен број на часови** | **Планиран број на часови** | |
| | **Реализиран број на часови** | |

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ПРАКТИЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| **1** | |
| **2** | |
| **3** | |
| **4** | |

**ДЕЛ II**

| ДНЕВНИ БЕЛЕШКИ НА УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА | |
|---|---|
| Датум: | |
| Работно место: | |
| Назив на активноста: | |
| **РЕСУРСИ ЗА РАБОТА:** | |
| **Потребен материјал за работа** | |
| **Потребен алат и прибор за работа** | |
| **Потребни заштитни средства** | |
| **РАБОТЕН ДЕЛ - ОПИС НА ИЗВРШЕНИТЕ ЗАДАЧИ:** | |
| **ШТО РАБОТАМ?**<br>(Се запишува редоследот на работните операции) | |
| **КАКО РАБОТАМ?**<br>(Како се изведува секоја работна операција) | |
| **ЗОШТО?**<br>(Се запишува што се добива како резултат на извршената работа) | |
| **Прилог:** белешки, скици, шеми, цртежи, слики и сл. | |

**ЗАБЕЛЕШКИ НА УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА**

**ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕПОРАКИ НА МЕНТОРОТ**

| | |
|---|---|
| ________________ | ________________ |
| Датум | Потпис на менторот |

**ДЕЛ III**

## ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

**Евидентирање на постигнувањата на ученикот од програмата за практично образование**

| Ред. Бр. | Резултати од учење | Постигнал/ла | |
|---|---|---|---|
| | | Да | Не |
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |

| **ЗАКЛУЧНО МИСЛЕЊЕ НА МЕНТОРОТ ЗА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА**<br>(се пополнува квартално, четири копии во текот на реализацијата на учење преку работа кај работодавач и еднаш годишно за феријална практика) |
|---|
| |

**ДЕЛ IV**

| **ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДАДЕНИОТ ДНЕВНИК ЗА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА** | |
|---|---|
| **Датум на предавање:** | |
| **Потпис на ученикот/ученичката:** | |
| **Потпис на наставникот за практично образование:** | |
| **Потпис на координаторот за практично образование во установата:** | |
| **Потпис на менторот од работодавачот:** | |